ДРЖАВЕН АРХИВ
на Република Македонија

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ПРИЛЕП

За издавачите
д-р Филип Петровски
Марјан Ристески

Уредник
Маргарета Карајанова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

311.311(497.7)"18"(083)

ТУРСКИ документи за историјата на Македонија : пописи од XIX век. К. 8 / превод и коментар Драги Ѓоргиев. - Скопје : Државен архив на Република Македонија, 2015. - 608 стр. ; 21 см

Регистар

ISBN 978-608-4745-14-3

а) Попис - Македонија - 19в. - Статистика б) Македонија - Историја - 19в.
COBISS.MK-ID 99985674

© Државен архив на РМ, Општина Прилеп 2015
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и во електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачите.

ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ТУРСКИ ДОКУМЕНТИ

ЗА ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

ПОПИСИ ОД XIX ВЕК

книга VIII

ПРЕВОД И КОМЕНТАР

Д-р Драги Ѓоргиев

СКОПЈЕ 2015

СОДРЖИНА

ВОВЕД 7

ПРИЛЕПСКИ ДЕФТЕР 11

РЕГИСТАР НА ГЕОГРАФСКИ ПОИМИ 605

ВОВЕД

Градот Прилеп бил освоен од страна на Османлиите за време на воената кампања на Османлиите, која во западниот дел на Македонија почнала во 1385 година. Негов освојувач бил Тимурташ-паша, еден од најпознатите османлиски војсководци од XIV век. Според пишувањата на османлиските хроничари од подоцнежниот период, но и според локалните легенди и кажувања, градот преминал во османлиски раце по мирен пат. И неговиот дотогашен владетел, крал Марко, веднаш по паѓањето на градот стапил во вазален однос со османлискиот султан. И тој однос траел сè до неговата смрт во 1395 година, во битката кај Ровине, како сојузник на османлискиот султан.

Веднаш по освојувањето, градот влегол во рамките на редовното уредување на османлиската држава како центар на посебна нахија наречена Прилепска нахија. Таа во почетокот влегувала во составот на огромната административно-територијална единица наречена Паша санџак, чие седиште се наоѓало во Едрене. Во XVI век од овој санџак биле издвоени два помали санџаци, Скопскиот и Солунскиот санџак. Прилепската нахија, заедно со Скопската, Тетовската и Кичевската нахија, станала дел од Скопскиот санџак и таа своја административна позиција ја задржала сè до XIX век.

Мирното предавање на Прилеп имало големо значење за градот затоа што тој не претрпел некои поголеми материјални и човечки загуби. Тоа може да се потврди и со податоците за бројот на жители во градот што ги нудат подоцнежните османлиски пописи. Според тие податоци може да се заклучи дека Прилеп останал еден од ретките македонски градови во кој во наредните векови христијанското население ја зачувало доминацијата над муслиманското население, без оглед на демографските промени што се случувале во другите македонски градови.

Промената на политичката власт довела до промени и во физичкиот изглед на градот. Прилеп постепено почнал да ја менува својата урбана структура и да заличува на другите балкански градови под османлиска доминација. Градските жители биле населени во посебни маала, кои биле поделени на христијански и муслимански, а во нив се појавиле нови сакрални и профани објекти, специфични за исламската култура на живеење. Тие објекти му дале на градот посе-

бен изглед, карактеристичен за градовите во кои доминирала балканско-ориенталната архитектура.

Во поглед на административното уредување, Прилеп сè до XIX в. останал дел од Скопскиот санџак. Но, со проектот за административна, земјишна и даночна реформа во Османлиската Империја, кој стапил во сила од 1834 година, Прилеп бил префрлен во ејалетот Румели, односно Битолскиот ејалет, и останал поврзан за таа административна единица и кога овој ејалет прераснал во вилает во 1873 година. Својата администтративно-територијална позиција на посебна каза во состав на овој вилает, Прилеп ја задржал до крајот на османлиската доминација.

Пописот на населението во градот Прилеп, кој е презентиран во оваа книга, е направен во периодот кога Прилеп веќе бил административно префрлен во ејалетот Румели. Имено, тој е направен во 1844/45 година (1262 година по Хиџра), кога вакви пописи биле правени на територијата на целата Османлиска Империја. Целта на тие пописи била да се добие претстава за бројот на населението во целата држава кое било способно да работи и да плаќа даноци на државата, како и да ги регистрира нивните годишни приходи од професијата и од недвижниот имот. Со таа цел бил направен и пописот во Прилеп.

Според податоците од пописот, во Прилеп во 1844/45 година имал 19 маала, од кои 10 биле христијански, а девет муслимански. Куќите во маалата биле обележувани со редни броеви, при што биле запишувани името на главата на семејството како и имињата на оние машки членови на семејството кои се занимавале со некој занает, остварувале приход и плаќале данок. Тоа овозможува да се добие релативно точна претстава за вкупниот број куќи во градот, а со тоа и за вкупниот број градски жители, како и за нивната верска припадност. Интересно е тоа што сите христијански маала во Прилеп се регистрирани со имиња на попови, а населбата Варош е регистрирана како „село Кале Варош“. Меѓутоа, иако е регистриран како село и се наоѓа на крајот од пописот на христијанското население, сепак Варош е попишан како дел од градот Прилеп и во него живеат најбогатите христијани.

Освен демографски податоци, овој попис дава извонредни информации и за професионалната и социјалната структура на градско-

то население. Имено, како што спомнавме, покрај личното име на секое регистрирано лица запишани се неговата професија односно занает, приходот што го добивал од него како и данокот што го плаќал за оставрениот приход. Доколку лицето во моментот на пописот не се наоѓало во градот, тогаш било регистрирано местото каде што се наоѓа.

Трет важен елемент на овој попис, покрај демографските податоци и податоците за професијата, е регистрирањето на целокупниот недвижен имот што го поседувало едно лице: дуќани, куќи, анови, фурни, ниви, ливади, лозје, воденици и сл., од кои добивало приход и за кои плаќало данок. Покрај тоа, запишуван е и имотот што лицата го поседувале надвор од градот, посебно чифлиците што муслиманските градски жители ги поседувале во соседните прилепски села. Исто така, покрај сите горенаведени елементи, посебно бил регистриран и бројот на главите на крупниот и ситниот добиток, што го поседувал едно семејство, како што се: коњи, магарења, волови, крави, биволи, овци и кози.

На самиот крај од пописот попишано е и ромското население, кое во тој период живеело во Прилеп. И оваа заедница при регистрацијата е поделена по верска основа, односно на христијани и муслимани, кои, меѓутоа, не живееле во посебно ромско маало, туку сите биле населени во муслиманското маало Ак Месџид.

Посебна карактеристика на овој попис е тоа што еден дел од христијанските жители на Прилеп се регистрирани како кирации во куќите на постарите жители на Прилеп. Во овој интересен феномен може да се препознае процесот на христијанизација на македонските градови во првата половина на XIX век, кога османлиското општество постепено почнало да се отвора и ослободува, а жителите на околните села почнале да се населуваат во градовите, претворајќи ги во центри на идната духовна, просветна и политичка борба меѓу различните заедници. Посебно интересно е тоа што еден дел од новите христијански жители на Прилеп биле кирации кај муслиманските градски семејства, што покажува дека разликата и подвоеноста меѓу овие две заедници веќе не била толку голема како во класичниот османлиски период и дека постепено се напуштале старите верски предрасуди. Ваков феномен е присутен и во пописот на градот Штип

од истиот период, а во пописите на Битола и Скопје тој не е присутен.

Овој попис од османлиска провениенција од средината на XIX век, претставува извонреден извор за историјата на Прилеп. Неговата важност се состои во тоа што тој претставува една целина составена со одредена цел, која содржи неколку важни елементи преку кои може да се добие целосна претстава за демографската, верската, професионалната и социјалната состојба на оваа македонска населба во соодветниот период. Исто така, покрај сите недостатоци на овој попис во однос на современите методологии на пописи на населението, овој извор со податоците што ги нуди претставува еден модерен за своето време попис на населението, кој по својот квалитет е неспоредлив со ниту еден друг извор од соодветниот период. Покрај горенаведените аспекти, важен квалитет на овој попис е и можноста што тој ја дава на денешните жители на Прилеп да можат преку личните имиња и патронимите што се регистрирани во него да ги откријат своите предци, кои живееле во градот пред речиси два века.

На крајот, овој извор не е важен само за Прилеп туку и за една поширока територија, затоа што во него можат да се препознаат процеси што се одвивале и во други области на Балканот, кои во тоа време сè уште биле под османлиска доминација. Тоа само ја потврдува важноста на османлиските извори, кои многу често ги надминуваат тесните географски граници на кои се однесуваат.

Д-р Драги Ѓоргиев

ПРИЛЕПСКИ ДЕФТЕР

(лист 6)[1]

Ова е дефтер уреден да ги прикаже имотот, земјата, добитокот и приходите на муслиманското население во Средно маало, едно од маалата на касабата Прилеп, кој му припаѓа на ејалетот Румели[2]

Куќа 1, број 1

Имот и приходи на Махмуд-бег, син на Мустафа
Еден берберски дуќан; предвиден годишен приход: 50 гроша
Еден трговски дуќан; предвиден годишен приход: 150 гроша
Еден дел од пушкарски дуќан; приход: 30 гроша
Лозје од 2 дунуми[3]:

предвиден годишен приход за 1844 година:	100 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година:	90 гроша
	190 гроша

Молзни овци: 50 глави; приход: 375 гроша
Овни: 3 глави; предвиден годишен приход: 6 гроша
Молзни кози: 12 глави; предвиден годишен приход: 60 гроша
Едногодишнијагниња:13 глави; предвиден год. приход: 19,5 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 150 гроша.
На име данок на грозје за мината година платил 10 гроша за 100 оки[4] грозје.
Во селото Галичани, кое припаѓа на споменатата каза[5], поседува чифлик и ливада, а во селото Вакаф Ќој поседува чифлик. Ќе се запише во самите места[6].
Вкупно предвиден годишен приход: 790,5 гроша.

---

[1] Првите пет листа се празни, а оригиналот на овој попис се чува во Османлискиот архив во Истанбул, во фондот Maliye Temettüat Defteri, под реден број 11447.

[2] Центар на овој ејалет била Битола, која уште од почетокот на XVIII в., заедно со Софија, Пловдив и Едрене, била едно од седиштата на румелискиот валија, а од 1820 година со царска наредба станала единствен центар на ејалетот Румели.

[3] Мера за површина во износ 40 x 40 квадратни аршини, односно од 919, 3 метри квадратни.

[4] Ока, мера за тежина чија вредност изнесувала 1.283 грама.

[5] Се мисли на казата Прилеп.

[6] Ова објаснување значи дека наброениот имот во овие села и приходите од него ќе биде запишан во споменатите села, за кои, исто така, се правел посебен попис.

Куќа 1, број 2
Имот и приходи на Јусуф-бег, син на Халил
Посеана нива од ...[7] дунуми:
предвиден годишен приход за 1844 г: 2.890 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: 2.800 гроша
5.690 гроша
десеток: 569 гроша
5.121 грош
дел на неговиот ортак Бошко: 2.560,5 гроша
2.560,5 гроша
Еден наследен дел од една воденица; приход: 300 гроша
Еден дуќан за леб; приход: 150 гроша
Две градини; приход 240 гроша
Еден пушкарски дуќан; приход: 50 гроша
Еден дуќан за тутун; приход: 15 гроша
Еден наследен дел од ан; приход: 100 гроша
Еден наследен дел од кантарџиски дуќан; приход: 30 гроша
Еден наследен дел од друг ан; приход: 100 гроша
Еден населеден дел од дуќан за леб; приход: 25 гроша
Еден наследен дел од бакалски дуќан; 5 гроша
Еден наследен дел од арабаџиски дуќан; приход: 5 гроша
Еден наследен дел од меана; приход: 40 гроша
Еден наследен дел од друг кантарџиски дуќан; приход: 15 гроша
Еден наследен дел од дуќан за копчиња; приход: 7,5 гроша
Еден наследен дел од дуќан за кафе; приход: 4 гроша
Еден наследен дел од симитчиски дуќан; приход: 8 гроша
Еден наследен дел од берберски дуќан; приход: 3 гроша
За минатата година платил посебен годишен данокод 354,5 гроша.
На име десеток и данок за мината година платил:
160 гроша за 26 киле[8] пченица
30 гроша за 4 киле ‘рж
84 гроша за 12 киле јачмен

[7] Трите точки означуваат дека и во самиот попис не е наведен податокот.

[8] Киле - мера за житарици со различна вредност во различни места. Најчесто употребувано било Истанбулското киле кое изнесувало 20 оки, односно малку повеќе од 25 килограми. Дунавското киле изнесувало 180 - 200 килограми; Неврокопското киле - 75 килограми, Софиското киле - 25.640 килограми. Со терминот киле се означува и сад кој служи за мерење на зафатнина на течни материи чија вредност исто така варирала, како и мера за површина, односно неопходното количество на зрна за сеење на определена површина земја.

15 гроша за 2 киле пченка
289 гроша

Вкупно предвиден годишен приход:	3.703,5 гроша
дел на неговиот ортак Бошко:	1.300,5 гроша
	2.403 гроша
приход од тимар[9] што го поседува со возвишен берат:	2.549 гроша
	4.952 гроша

Куќа 1, број 3
Имот и приходи на Хусеин-бег, син на Ибрахим
Еден наследен дел од воденица; приход: 250 гроша
Два наследни дела од ан; приход: 200 гроша
Еден наследен дел од дуќан за леб; приход: 25 гроша
Еден наследен дел од бакалски дуќан; приход: 50 гроша
Еден наследен дел од арабаџиски дуќан; приход: 5 гроша
Еден наследен дел од меана; приход: 40 гроша
Еден наследен дел од кантарџиски дуќан; приход: 15 гроша
Еден наследен дел од дуќан за копчиња; приход: 3 гроша
Еден наследен дел од дуќан за кафе; приход: 3 гроша
Еден наследен дел од терзиски дуќан; приход: 150 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 137 гроша.
Во селото Кривогаштани, кое припаѓа на споменатата каза, поседува чифлик, а чифлик поседува и во селото Локвени. Ќе се запише во самите места.
Вкупно предвиден годишен приход: 753 гроша.

(лист 7)
Куќа 1, број 4
Имот и приходи на Мустафа-бег, син на Ибрахим-бег
Еден наследен дел од воденица; приход: 250 гроша
Два наследни дела од ан; приход: 200 гроша
Еден наследен дел од дуќан за леб; приход: 25 гроша
Еден наследен дел од бакалски дуќан; приход: 50 гроша
Еден наследен дел од арабаџиски дуќан; приход: 5 гроша
Еден наследен дел од меана; приход: 40 гроша

[9] Тимар е земјишен посед кој го поседувале припадниците на османлиската армија за вршење на воена служба за државата. Иако во 1832 година, по укинувањето на јаничарите (1826), кога постепено се воведува редовна војска во османлиската држава, е донесена одлука да се укинат и овие поседи, сепак овие примери покажуваат дека ваквите земјишни поседи сè уште опстојувале.

Еден наследен дел од кантарџиски дуќан; приход: 15 гроша
Еден наследен дел од дуќан за копчиња; приход: 3 гроша
Еден наследен дел од дуќан за кафе; приход: 3 гроша
Еден наследен дел од симитчиски дуќан; приход: 8 гроша
Еден наследен дел од берберски дуќан; приход: 3 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 250 гроша
Во селата Мажуишта, Браилово, Пешталево и Кривогаштани, кои припаѓаат на споменатата каза, поседува чифлици. Ќе се запише во самите места.

Вкупно предвиден годишен приход:	603 гроша
приход од тимар што го поседува со возвишен берат:	2.549 гроша
	3.152 гроша

Куќа 1, број 5
Имот и приходи на Сулејман, син на Хусеин
Нива од 100 дунуми:

предвиден годишен приход за 1844 година:	2.290 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година:	2.210 гроша
	4.500 гроша

Лозје од 1,5 дунуми:

предвиден годишен приход за 1844 година:	50 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година:	45 гроша
	95 гроша

Волови: 2 глави
Коњи: 1 глава
За минатата година платил посебен годишен данок од 100 гроша.
На име десеток и данок за мината година платил:
100 гроша за 10 киле пченица
45 гроша за 6 киле ‘рж
84 гроша за 12 киле пченка
5 гроша за 50 оки грозје
234 гроша
Вкупно предвиден годишен приход: 2.440 гроша.

Куќа 1, број 6
Имот и приходи на Ахмед, син на Абдулах
Посеана нива од 90 дунуми:

предвиден годишен приход за 1844 г.:	1.650 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година:	1.640 гроша
	3.290 гроша

Лозје од 1/2 дунум:

предвиден годишен приход за 1844 г.: 20 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: 15 гроша
35 гроша

Молзни крави: 1 глава; предвиден годишен приход: 20 гроша
Магарињa: 1 глава
За минатата година платил посебен годишен данок од 80 гроша.
На име десеток и данок за мината година платил:
120 гроша за 12 киле пченица
45 гроша за 6 киле ‘рж
2 гроша за 20 оки грозје
167 гроша
Вкупно предвиден годишен приход: 1.690 гроша.

Куќа 1, број 7
Хаџи Мустафа, син на Ибрахим
Не поседува имот и земја. За минатата година не платил посебен годишен данок.
Годишен приход од чибукчискиот занает: 150 гроша.

Куќа 1, број 8
Имот и приходи на Хусеин, син на Омер
Еден арабаџиски дуќан; годишна кирија: 150 гроша
Еден абаџиски дуќан; годишна кирија: 300 гроша
Молзни биволици: 2 глави; предвиден приход: 60 гроша
Телињa: 2 глави
За минатата година платил посебен годишен данок од 100 гроша.
Вкупно предвиден годишен приход: 510 гроша
годишен приход од арабаџискиот занает: 540 гроша
1.050 гроша
приход од арабаџискиот занает на неговиот син Сулејман: 200 гроша
1.250 гроша

Куќа 1, број 9
Имот и приходи на Хаџи Али, син на Абдулах
За минатата година платил посебен годишен данок од 16 гроша.
Годишен приход на споменатиот од измеќарство[10]: 290 гроша.

[10] Употребен е терминот hizmetkarlık, кој означува професија на прислужник, слуга или измеќар во архаичниот македонски јазик. Во овој попис овој термин понекогаш е регистриран и за поимотни лица.

Куќа 1, број 10
Мустафа, син на Ибрахим
Не поседува имот и земја. За минатата година не платил посебен годишен данок.
Предвиден годишен приход од измеќарство: ... гроша
Приход од работата како берберски чирак: 50 гроша.

(лист 8)
Куќа 1, број 11
Јусуф, син на Сулејман
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 7 гроша.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 100 гроша.

Куќа 1, број 12
Али, син на Омер
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 7 гроша.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 150 гроша.

Куќа 1, број 13
Имот и приходи на Хасан, син на Хусеин
Молзни крави: 1 глава; приход: 20 гроша
Коњи за јавање: 1 глава
За минатата година платил посебен годишен данок од 30 гроша.
Споменатиот во селата Оба Кебир[11] и Годивје, кои припаѓаат на споменатата каза, како и во селото Обршани, кое припаѓа на казата Битола, поседува чифлици. Ќе се запише во самите места.
Приход: 20 гроша.

Куќа 1, број 14
Имот и приходи на Салих, син на Хусеин
Молзни крави: 1 глава; приход: 20 гроша
Коњи за јавање: 1 глава
Еден терзиски дуќан; приход: 10 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 30 гроша.

[11] Не успеавме да го идентификуваме ова село, чиј назив значи Големо Поле. Подолу во пописот се среќава и селото Оба Сагир, со значење Мало Поле. Можеби овие две села може да се идентификуваат со прилепските села Големо и Мало Коњари.

Споменатиот во селото Годивје, кое припаѓа на споменатата каза, како и во селото Обршани, кое припаѓа на казата Битола, поседува чифлици. Ќе се запише во самите места.
Приход: 30 гроша.

Куќа 1, број 15
Имот и приходи на Мухјудин, син на Исмаил
Еден наследен дел од воденица; приход: 100 гроша
Еден наследен дел од калајџиски дуќан; приход: 10 гроша
Еден наследен дел од дуќан за тутун; приход: 10 гроша
Еден наследен дел од дуќан за леб; приход: 30 гроша
Еден наследен дел од пушкарски дуќан; приход: 25 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 50 гроша.
Во селото Браилово, кое припаѓа на споменатата каза, поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Вкупно предвиден годишен приход: 175 гроша.

Куќа 1, број 16
Имот и приходи на Али, син на Исмаил
Еден наследен дел од воденица; приход: 100 гроша
Еден наследен дел од калајџиски дуќан; приход: 10 гроша
Еден наследен дел од дуќан за тутун; приход: 10 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 40 гроша.
Во селото Браилово, кое припаѓа на споменатата каза, поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Вкупно предвиден годишен приход: 130 гроша.

Куќа 1, број 17
Имот и приходи на Осман, син на Хаџи Исмаил
Еден наследен дел од бакалски дуќан; приход: 20 гроша
Еден наследен дел од дуќан за тутун; приход: 15 гроша
Еден наследен дел од терзиски дуќан; приход: 10 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 70 гроша.
Во селото Беровци, кое припаѓа на споменатата каза, поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Вкупно предвиден годишен приход: 45 гроша.

(лист 9)
Куќа 1, број 18
Имот и приходи на Ибрахим, син на Хаџи Исмаил

Еден наследен дел од бакалски дуќан; приход: 20 гроша
Еден наследен дел од дуќан за тутун; приход: 15 гроша
Еден наследен дел од терзиски дуќан; приход: 10 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 70 гроша.
Во селата Крушевица и Писокал, кое припаѓа на споменатата каза, поседува чифлик. Ќе се запише во самите места.
Вкупно предвиден годишен приход: 45 гроша.

Куќа 1, број 19
Имот и приходи на Мустафа, син на Сулејман-ефенди
Еден дуќан за јачмен, приход: 50 гроша
Еден бакалски дуќан; приход: 25 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 40 гроша.
Во селата Беровци и Крушевица, кои припаѓаат на споменатата каза, поседува чифлици. Ќе се запише во самите места.
Вкупно предвиден годишен приход: 75 гроша.

Куќа 1, број 20
Имот и приходи на Сулејман, син на Ибрахим-ефенди
Една наследна воденица; годишна кирија: 1.500 гроша
Еден наследен ан; годишна кирија: 160 гроша
Еден наследен дел од терзиски дуќан; годишна кирија: 24 гроша
Еден наследен дел од абаџиски дуќан; годишна кирија: 28 гроша
Еден наследен дел од бакалски дуќан; годишна кирија: 12 гроша
Еден наследен дел од самарџиски дуќан; годишна кирија: 8 гроша
Еден наследен дел од штала; годишна кирија: 6 гроша
Еден наследен дел од бавча; годишна кирија: 81 грош
За минатата година платил посебен годишен данок од 100 гроша.
Во селото Браилово поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Вкупно предвиден годишен приход: 1.819 гроша.

Куќа 1, број 21
Имот и приходи на Адем, син на Ибрахим-ефенди
Посеана нива од 36 дунуми;
предвиден годишен приход за 1844 г.: 1.130 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: 1.120 гроша
2.250 гроша
Еден наследен ан; годишна кирија: 160 гроша
Еден наследен дел од терзиски дуќан; годишна кирија: 24 гроша
Еден наследен дел од абаџиски дуќан; годишна кирија: 28 гроша

Еден наследен дел од бакалски дуќан; годишна кирија: 12 гроша
Еден наследен дел од самарџиски дуќан; годишна кирија: 8 гроша
Еден наследен дел од штала; годишна кирија: 6 гроша
Еден наследен дел од бавча; годишна кирија: 81 грош
За минатата година платил посебен годишен данок од 60 гроша.
На име десеток и данок за мината година платил:
40 гроша за 4 киле пченица
45 гроша за 6 киле 'рж
28 гроша за 4 киле јачмен
113 гроша
Во селото Крушевица, која припаѓа на споменатата каза, поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Вкупно предвиден годишен приход: 1.439 гроша.

Куќа 1, број 22
Имот и приходи на Осман, син на Мехмед-ефенди
Една воденица; годишна кирија: 600 гроша
Еден телалски дуќан; годишна кирија: 15 гроша
Лозје од 1/2 дунум;
предвиден годишен приход за 1844 г.: 30 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: 25 гроша
55 гроша
Коњи за јавање: 1 глава
За минатата година платил посебен годишен данок од 130 гроша.
Во селата Елевлер, Браилово и Крушевица, кои припаѓаат на споменатата каза, поседува чифлици. Ќе се запише во самите места.
Вкупно предвиден годишен приход: 645 гроша.

(лист 10)
Куќа 1, број 23
Имот и приходи на Сулејман, син на Хусеин
За минатата година платил посебен годишен данок од 50 гроша.
Во селата Чумово и Крушевица, кои припаѓаат на споменатата каза, поседува чифлици. Ќе се запише во самите места.
Приход: ... гроша.

Куќа 1, број 24
Имот и приходи на Хафиз Ибрахим, син на Али
Молзни крави: 1 глава; предвиден приход: 20 гроша
Телиња: 1 глава

За минатата година платил посебен годишен данок од 10 гроша.
Вкупно предвиден годишен приход: 20 гроша
приход од подврзување книги[12]: 100 гроша
120 гроша

Куќа 1, број 25
Имот и приходи на Мехмед, син на Ислам
Еден наследен дел од дуќан за кафе; предвидена год. кирија: 50 гроша
Лозје од 1/2 дунум; предвиден годишен приход за 1844 г.: 30 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: 25 гроша
55 гроша

Молзни крави: 2 глави; предвиден приход: 40 гроша
Телиња: 1 глава
За минатата година не платил посебен годишен данок.
На име десеток и данок за мината година платил 3 гроша за 30 оки грозје.
Вкупно предвиден годишен приход: 120 гроша
приход од берберскиот занает: 230 гроша
350 гроша

Куќа 1, број 26
Имот и приходи на Али, син на Али (sic!)
Еден наследен дел од ан; предвидена годишна кирија: 50 гроша
За минатата година не платил посебен годишен данок.
На име десеток и данок за мината година платил 3 гроша за 30 оки грозје.
Вкупно предвиден годишен приход: 50 гроша
годишен приход од бакалскиот занает: 250 гроша
300 гроша

Куќа 1, број 27
Омер, син на Хасан
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 5 гроша.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 100 гроша.

Куќа 1, број 28
Имот и приходи на Али, син на Тимур
Еден наследен дел од дуќан за кафе; годишна кирија: 50 гроша
Лозје од 1/2 дунум;

[12] Употребен е терминот mücellitlik, што значи подврзување книги, од именката mücellit - книговезец.

предвиден годишен приход за 1844 година: 20 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: 15 гроша
35 гроша

Молзни крави: 1 глава; предвиден годишен приход: 20 гроша
Магарења: 1 глава
Посеана нива од 12 дунуми;
предвиден годишен приход за 1844 г.: 550 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: 540 гроша
1.090 гроша

За минатата година платил посебен годишен данок од 20 гроша.
На име десеток и данок за мината година платил:
40 гроша за 4 киле пченица
15 гроша за 2 киле ‘рж
2 гроша за 20 оки грозје
57 гроша
Вкупно предвиден годишен приход: 640 гроша.

(лист 11)
Куќа 1, број 29
Осман, син на Ахмед
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 9 гроша.
Предвиден годишен приход од трговија со овошје: 300 гроша.

Куќа 1, број 30
Имот и приходи на Мехмед, син на Јусуф
Еден наследен дел од налбатски дуќан; годишна кирија: 50 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 15 гроша.
Приход: 50 гроша
приход од налбатскиот занает: 250 гроша
300 гроша

Куќа 1, број 31
Хусеин, син на Шабан
Не поседува имот и земја (во градот). За минатата година платил посебен годишен данок од 50 гроша.
Во селото Црнилиште поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Предвиден годишен приход од земјоделство: ... гроша

Куќа 1, број 32
Исмаил, син на Мехмед

Не поседува имот и земја.
Молзни крави: 1 глава; предвиден приход: 20 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 15 гроша.
Приход: 20 гроша
приход на споменатиот кој работи како кожарски калфа: 130 гроша
150 гроша

Куќа 1, број 33
Исхак, син на Ибрахим
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 2 гроша.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 100 гроша.

Куќа 1, број 34
Имот и приходи на Тимур, син на Мустафа
Еден дуќан за тутун; приход: 15 гроша
Еден терзиски дуќан; приход: 10 гроша
Еден дуќан за леб; приход: 15 гроша
Еден железарски дуќан; приход: 15 гроша
Еден дуќан за копчиња; приход: 14,5 гроша
Една меана; приход: 90 гроша
Лозје од 1 дунум;
предвиден годишен приход за 1844 г.: 50 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: 40 гроша
90 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 80 гроша.
На име десеток и данок за мината година платил 5 гроша за 50 оки грозје.
Во селото Беровци поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Вкупно предвиден годишен приход: 209,5 гроша.

Куќа 1, број 35
Имот и приходи на Ахмед, син на Адем
Еден наследен дел од алваџиски дуќан; годишна кирија: 10 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од .. гроша. Се посведочи дека е дете.
Приход: 10 гроша.

Куќа 1, број 36
Имот и приходи на Мехмед-ефенди, син на Хаџи Салих
Еден бакалски дуќан; годишна кирија: 75 гроша
Еден наследен дел од железарски дуќан; годишна кирија: 75 гроша

За минатата година не платил посебен годишен данок.
Приход: 150 гроша.

Куќа 1, број 37
Омер, син на Али
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 16 гроша.
Предвиден годишен приход од сарачкиот занает: 150 гроша.

Куќа 1, број 38
Реџеп, син на Мехмед
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 10 гроша.
Предвиден годишен приход од берберскиот занает: 150 гроша.

Куќа 1, број 39
Имот и приходи на Сулејман, син на Исмаил
Еден дуќан за вреќи; годишна кирија: 100 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 30 гроша.

Приход:	100 гроша
приход од производство на прекривки[13]:	200 гроша
	300 гроша

Куќа 1, број 40
Омер, син на Јакуп
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 30 гроша.
Предвиден годишен приход од писарскиот занает: 500 гроша.

(лист 12)
Куќа 1, број 41
Ибрахим, син на Абдулах
Преживува со помош од луѓето. За минатата година не платил данок.

Куќа 1, број 42
Имот на Шехабедин, син на Хафиз Јахја
Една воденица; годишна кирија: 500 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 30 гроша.
Приход: 500 гроша.

[13] Станува збор за груби прекривки изработени од козјо влакно или од волна, кои служеле за прекривање најчество на коњите.

Куќа 1, број 43
Исмаил, син на Јакуп
Не поседува имот и земја. За минатата година не платил посебен годишен данок.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 250 гроша.

Куќа 1, број 44
Имот и приходи на Махмуд, син на Хаџи Али
Еден дуќан за тутун; годишна кирија: 35 гроша
Еден терзиски дуќан; годишна кирија: 35 гроша
Еден терзиски дуќан; годишна кирија: 45 гроша
Еден дуќан за кафе; годишна кирија: 100 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 70 гроша.

Вкупно предвиден годишен приход:	215 гроша
годишен приход од свиларство:	385 гроша
	600 гроша

Куќа 1, број 45
Јусуф, син на Сулејман
Не поседува имот и земја (во градот). За минатата година не платил посебен годишен данок.
Во селото Забрчани поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Предвиден годишен приход од свиларство: 200 гроша.

Куќа 1, број 46
Имот и приходи на Сулејман, син на Сејфулах
Еден наследен дел од дуќан за тутун; годишна кирија: 25 гроша
За минатата година не платил посебен годишен данок.

Приход:	25 гроша
Приход од измеќарство:	175 гроша
	200 гроша

Куќа 1, број 47
Ферхат, син на Омер
Не поседува имот и земја. За минатата година не платил посебен годишен данок.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 200 гроша.

Куќа 1, број 48
Имот и приходи на Хаџи Мустафа, син на Хасан
Еден наследен дел од берберски дуќан; годишна кирија: 27,5 гроша
Еден наследен дел од дуќан за брашно; годишна кирија: 37,5 гроша

За минатата година платил посебен годишен данок од 39 гроша.
Вкупно предвиден годишен приход: 65 гроша
Годишен приход од бакалство: 235 гроша
300 гроша

Куќа 1, број 49
Имот и приходи на Ебу Бекир, син на Ејуп
Еден сарачки дуќан; годишна кирија: 30 гроша
Молзни биволици: 1 глава; предвиден приход: 30 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 23,5 гроша.
Вкупно предвиден годишен приход: 60 гроша
Годишен приход од сарачкиот занает: 240 гроша
300 гроша

Куќа 1, број 50
Имот и приходи на Хусеин, син на Али
Молзни крави: 1 глава; предвиден приход: 20 гроша
Женски телиња: 1 глава
За минатата година платил посебен годишен данок од 80 гроша.
Приход: 20 гроша
Годишен приход од трговија со овошје: 580 гроша
600 гроша

Куќа 1, број 51
Имот и приходи на Али, син на Осман
Еден папуџиски дуќан; годишна кирија: 30 гроша
Еден терзиски дуќан; годишна кирија: 90 гроша
Еден симитчиски дуќан; годишна кирија: 95 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 733,5 гроша.
Во селото Браилово, кое припаѓа на споменатата каза, поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Вкупно предвиден годишен приход: 215 гроша.

(лист 13)
Куќа 1, број 52
Сулејман, син на Хасан
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 15 гроша.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 250 гроша.

Куќа 1, број 53
Хаџи Осман, син на Али
Преживува со помош од луѓето. За минатата година не платил данок.

Куќа 1, број 54
Мехмед, син на Зенун
Не поседува имот и земја.
Молзни крави: 1 глава; предвиден приход: 20 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 14,5 гроша.
Приход: 20 гроша
Годишен приход од измеќарство: 100 гроша
120 гроша

Куќа 1, број 55
Ибрахим, син на Ебу Бекир
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 10 гроша и 10 пари.
Предвиден годишен приход од бакалство: 150 гроша.

Куќа 1, број 56
Хамза, син на Саид
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 23,5 гроша.
Предвиден годишен приход од арабаџиство: 250 гроша.

Куќа 1, број 57
Хасан, син на Ахмед
Не поседува имот и земја (во градот). За минатата година платил посебен годишен данок од 24,5 гроша.
Во селото Пештерица поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Предвиден годишен приход од земјоделство: ... гроша.

Куќа 1, број 58
Халил, син на Салих
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 10 гроша и 10 пари.
Предвиден годишен приход од писарскиот занает: 2.500 гроша.

Куќа 1, број 59
Сулејман, син на Хасан
Преживува со помош од луѓето. За минатата година не платил данок.

Куќа 1, број 60
Нуредин, син на Тахир
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 5 гроша.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 150 гроша.

Куќа 1, број 61
Имот и приходи на Мула Али, син на Мемиш
Еден терзиски дуќан; годишна кирија: 40 гроша
Еден налбатски дуќан; годишна кирија: 50 гроша
Еден дуќан за тутун; годишна кирија: 20 гроша
Еден наследен дел од крзнарски дуќан; годишна кирија: 15 гроша
Еден наследен дел од терзиски дуќан; годишна кирија: 17 гроша
Еден кујунџиски дуќан; годишна кирија: 35 гроша
Лозје од ... дунуми; годишен приход за 1844 година: 30 гроша
Предвиден годишен приход за 1845 година: 25 гроша
55 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 22 гроша и 5 пари.
Платил 3 гроша данок за 30 оки грозје.
Вкупно предвиден годишен приход: 207 гроша.

Куќа 1, број 62
Имот и приходи на Касим, син на Мустафа
Една бавча; годишна кирија: 250 гроша
Една бавча; годишна кирија: 120 гроша
Шест куќи[14]; годишна кирија:195 гроша
Лозје од 1,5 дунуми; годишен приход за 1844 година: 50 гроша
Предвиден годишен приход за 1845 година: 45 гроша
95 гроша

За минатата година платил посебен годишен данок од 23 гроша и 10 пари.
Платил 5 гроша данок за 50 оки грозје.
Вкупно предвиден годишен приход: 565 гроша.

Куќа 1, број 63
Мехмед, син на Абдулах
Не поседува имот и земја. За минатата година не платил данок.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 250 гроша.

[14] Станува збор за објекти, кои најчесто муслиманските жители на Прилеп ги давале под кирија на христијаните кои доаѓале и од околните села и се населувале во градот. Кога попишувачот го употребува терминот *куќи*, не треба да се сфати дека станува збор за куќи во современа смисла на зборот, туку за многу скромни помали објекти.

(лист 14)
Куќа 1, број 64
Селим, син на Абдулвехаб
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 32,5 гроша. Се известува дека е душевно болен.
Во селото Горно Дупјачани поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Предвиден годишен приход: ... гроша.

Куќа 1, број 65
Али, син на Мустафа
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 9 гроша и 10 пари.
Во селото Заполжени поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Предвиден годишен приход од аргатство: ... гроша.

Куќа 1, број 66
Сулејман, син на Дервиш
Не поседува имот и земја. За минатата година платил посебен годишен данок од 7 гроша.
Предвиден годишен приход од кафеџиство: ... гроша.

Куќа 1, број 67
Сулејман, син на Мемиш
Живее од помошта на луѓето. Не платил данок.

Куќа 1, број 68
Зејнел, син на Омер
Не поседува имот и земја. За минатата година не платил посебен годишен данок.
Живее од помошта на луѓето.
Приход: ... гроша.

Куќа 1, број 69
Салих, син на Мехмед
Не поседува имот и земја.
Молзни крави: 1 глава; предвиден приход: 20 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 27 гроша.
Предвиден годишен приход: 20 гроша
приход од измеќарство: 380 гроша
400 гроша

Куќа 1, број 70
Имот и приходи на Исмаил, син на Рустем
Еден наследен дел од алваџиски дуќан; годишна кирија: 100 гроша
Лозје од ... дунуми; годишен приход за 1844 година: 30 гроша
Предвиден годишен приход за 1845 година: 25 гроша
55 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 60 гроша.
Платил 3 гроша данок за 30 оки грозје.
Во селото Турско поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Приход: 130 гроша. Сакат е.

Куќа 1, број 71
Хасан, син на Мехмед
Не поседува имот и земја.
Молзни биволици: 1 глава; предвиден приход: 30 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 25 гроша.
Предвиден годишен приход: 30 гроша
приход од писарство: 270 гроша
300 гроша

Куќа 1, број 72
Абдулах, син на Осман
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 5 гроша.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 50 гроша

Куќа 1, број 73
Имот и приходи на Иса, син на Осман
Еден симитчиски дуќан; годишна кирија: 150 гроша
Еден грнчарски дуќан; годишна кирија: 150 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 37 гроша.
Приход: 300 гроша
годишен приход од кирациство: 400 гроша
700 гроша

Куќа 1, број 74
Имот и приходи на Хафиз, син на Јусуф
Еден терзиски дуќан; годишна кирија: 25 гроша
Еден железарски дуќан; годишна кирија: 50 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 11 гроша.
Приход: 75 гроша
приход на неговиот син Јусуф од подврзување книги: 225 гроша
300 гроша

Куќа 1, број 75
Абдулах, син на Мехмед
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 18,5 гроша.
Предвиден годишен приход од симитчиство: 350 гроша

(лист 15)
Куќа 1, број 76
Имот и приходи на Хаџи Јусуф, син на Али
Една воденица; годишна кирија: 400 гроша
Јунци: 1 глава
За минатата година платил посебен годишен данок од 64 гроша и 30 пари.

Приход:	400 гроша
приход од писарство:	600 гроша
	1.000 гроша

Куќа 1, број 77
Абдулах, син на Ахмед
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 13,5 гроша.
Молзни крави: 1 глава: предвиден годишен приход: 20 гроша

Предвиден годишен приход:	20 гроша
приход од берберскиот занает:	200 гроша
	220 гроша

Куќа 1, број 78
Имот и приходи на Фазли, син на Давуд
Еден наследен дел од терзиски дуќан; годишна кирија: 13,5 гроша
Еден наследен дело од бакалски дуќан; годишна кирија: 14 гроша
Еден наследен дел од терзиски дуќан; годишна кирија: 13,5 гроша
Еден наследен дел од дуќан за тутун; годишна кирија: 23,5 гроша
Еден наследен дел од дуќан за тутун; годишна кирија: 13,5 гроша
Еден наследен дел од платнарски дуќан; годишна кирија: 33,5 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 40 гроша.
Во селата Долно Дупјачани и Небрегово, во споменатата каза, поседува чифлици. Ќе се запише во самите места.
Вкупно предвиден годишен приход: 111,5 гроша.

Куќа 1, број 79
Имот и приходи на Абдулах, син на Омер
Една воденица; годишна кирија: 100 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 10 гроша и 30 пари.
Во селото Норово поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.

Приход: 100 гроша
приход од измеќарство: 250 гроша
350 гроша

Куќа 1, број 80
Сејфулах, син на Хусеин
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен год. данок од 10 гроша и 30 пари.
Во село Норово поседува нива од 15 дунуми. Ќе се запише во самото место.
Предвиден годишен приход од воденичарство: 200 гроша.

Куќа 1, број 81
Хаџи Ахмед, син на Селим
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 25 гроша.
Предвиден годишен приход од брашнарскиот занает: 300 гроша
приход на неговиот син Сулејман од писарство: 200 гроша
500 гроша

Куќа 1, број 82
Имот и приходи на Ахмед, син на Тимур
За минатата година платил посебен годишен данок од 33,5 гроша.
Поседува чифлик во селото Беловодица, кое припаѓа на казата Велес, поседува чифлик, како и во селото Рухци, кое припаѓа на казата Прилеп. Ќе се запише во самите места.
Приход: ...

Куќа 1, број 83
Али, син на Хасан
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 25 гроша.
Предвиден год. приход од функцијата собирач на даноци: 500 гроша

Куќа 1, број 84
Јусуф, син на Сејфулах
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 5,5 гроша.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 250 гроша.

Куќа 1, број 85
Ибрахим, син на Јусуф
Не поседува имот и земја.

За минатата година платил посебен год. данок од 51 грош и 30 пари.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 250 гроша

Куќа 1, број 86
Имот и приходи на Иса, син на Али
За минатата година платил посебен годишен данок од 43,5 гроша.
Во селото Мажуишта поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Приход: ...

(лист 16)
Куќа 1, број 87
Сулејман, син на Фејзулах
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 23 гроша.
Предвиден годишен приход од функцијата собирач на данок: 500 гроша

Куќа 1, број 88
Уми Хафиз, син на Мехмед
Живее од помошта на луѓето. Не платил данок.

Куќа 1, број 89
Исмаил, син на Али, кирација во куќата на Мехмед, син на Мехмед (sic!).
Живее од помошта на луѓето. Не платил данок.

Куќа 1, број 90
Имот и приходи на Мехмед, син на Хасан
Пет куќи; годишна кирија: 250 гроша
Една бавча; годишна кирија: 100 гроша
Молзни биволици: 1 глава; предвиден годишен приход: 30 гроша
Женско теле: 1 глава
За минатата година платил посебен годишен данок од 60 гроша.
Во селото Клепач поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Вкупно предвиден годишен приход: 380 гроша.
Куќа 1, број 91
Имот и приходи на Синан, син на Сулејман
Нива од ... дунуми:

предвиден год. приход за 1844 година:	230 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година:	160 гроша
	290 гроша

Лозје од 1/2 дунум:

предвиден год. приход за 1844 година: 20 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: 15 гроша
35 гроша

За минатата година платил посебен годишен данок од 30 гроша.
На име десеток и данок за минатата година платил:
20 гроша за 2 киле пченица
2 гроша за 20 оки грозје
22 гроша
Вкупно предвиден годишен приход: 220 гроша.

Куќа 1, број 92
Имот и приходи на Хаџи Тахир, син на Осман
Нива од 24 дунуми:
предвиден год. приход за 1844 година: 590 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: ... гроша
590 гроша

Ливада од 1 дунум:
предвиден годишен приход за 1844 година: 20 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: 20 гроша
40 гроша

Лозје од 1,5 дунуми:
предвиден годишен приход за 1844 година: 30 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: 25 гроша
55 гроша

Еден дуќан за тутун; годишна кирија: 25 гроша
Еден дуќан за тутун; годишна кирија: 30 гроша
Биволи: 1 глава
Молзни овци: 10 глави; предвиден годишен приход: 75 гроша
Молзни кози: 10 глави; предвиден годишен приход: 50 гроша
Јуници: 4 глави; предвиден годишен приход: 6 гроша
Магарења: 1 глава
За минатата година платил посебен годишен данок од 50 гроша.
На име десеток и данок за минатата година платил:

45 гроша за 6 киле ‘рж
14 гроша за 2 киле јачмен
3 гроша за 30 оки грозје
2 гроша за 20 оки сено
64 гроша
Вкупно предвиден годишен приход: 826 гроша.

Куќа 1, број 93
Имот и приходи на Мехмед, син на Сабит
Еден наследен дел од берберски дуќан; годишна кирија: 30 гроша
Еден наследен дел од дуќан за брашно; годишна кирија: 40 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 21,5 гроша.
Во селата Кади Ќој и Долно Дупјачани поседува по еден чифлик. Ќе се запише во самите места.

Приход:	70 гроша
приход од тимар што го поседува со возвишен берат:	1.550,5 гроша
	1.620,5 гроша

Куќа 1, број 94
Имот и приходи на Камбер, син на Мехмед-ефенди
Еден наследен дел од дуќан за ткаење; годишна кирија: 23 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 7 гроша.
Во селото Дабјани поседувачифлик. Ќе се запише во самото место.

Приход:	23 гроша
приход од ткајачкиот занает:	100 гроша
	123 гроша

Куќа 1, број 95
Ибрахим, син на Осман
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 13,5 гроша.
Во селото Сарандиново поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 150 гроша.

Куќа 1, број 96
Сулејман, син на Исмаил
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 13,5 гроша.
Во селото Марул поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 150 гроша.

(лист 17)
Куќа 1, број 97
Мехмед, син на Али
Живее од помошта на луѓето. Не платил данок.

Куќа 1, број 98
Зубир, син на Јакуп
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 46 гроша и 30 пари.
Предвиден годишен приход од писарство: 500 гроша.

Куќа 1, број 99
Џафер, син на Муртеза
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 3 гроша.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 150 гроша.

Куќа 1, број 100
Ебу Бекр, син на Ислам
Не поседува имот и земја.
За минатата година не платил посебен годишен данок.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 150 гроша.

Куќа 1, број 101
Далип, син на Ризван
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 60,5 гроша.
Во селото Небрегово поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Предвиден годишен приход од писарство: 350 гроша.

Куќа 1, број 102
Шефки, син на Салих
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 7 гроша.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 150 гроша.

Куќа 1, број 103
Зенун, син на Неби
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 3 гроша.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 150 гроша.

Куќа 1, број 104
Исхак, син на Хасан
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 3,5 гроша.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 150 гроша.

Куќа 1, број 105
Имот и приходи на Али, син на Мехмед
Еден дуќан за бакар; годишна кирија: 120 гроша
Еден дуќан за брашно; годишна кирија: 30 гроша
Еден дуќан за брашно; годишна кирија: 25 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 69,5 гроша.
Во селото Дупјачани Горно поседувачифлик. Ќе се запише во самото место.

Вкупно предвиден годишен приход:	175 гроша
приход од производство на мед:	225 гроша
	400 гроша

Куќа 1, број 106
Али, син на Мехмед
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 11 гроша.
Во селото Боротино поседува чифлик. Ќе се запише во самото место.
Пензионран е.
Приход од тимарот што го поседува со возвишен берат: 1.388 гроша и 16 пари.

Куќа 1, број 107
Имот и приходи на Сулејман, син на Муртеза
Еден меанџиски дуќан; годишна кирија: 300 гроша
Еден меанџиски дуќан; годишна кирија: 300 гроша
Еден грнчарски дуќан; годишна кирија: 200 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 200 гроша.
Во селото Крушевица поседувачифлик. Ќе се запише во самото место.
Вкупно предвиден годишен приход: 800 гроша.

Куќа 1, број 108
Ахмед, син на Ебу Бекр
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 20 гроша.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 150 гроша.

(лист 18)
Куќа 1, број 109
Мустафа, син на Хусеин
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 30 гроша.
Во Истанбул поседува еден дуќан за леб. Ќе се запише во самото место.
Предвиден годишен приход од лебарскиот занает: 500 гроша.

Куќа 1, број 110
Мустафа, син на Илјас
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 14 гроша.
Во селото Мажуишта поседува една ливада од два дунуми. Ќе се запише во самото место.
Предвиден годишен приход од измеќарство: 100 гроша.

Куќа 1, број 111
Сулејман, син на Ибрахим
Не поседува имот и земја.
За минатата година платил посебен годишен данок од 7 гроша.
Во селото Галичани поседува еден чифлик ќе се запише во самото место.
Приход од тимарот што го поседува со возвишен берат: 900 гроша.

Куќа 1, број 112
Имот и приходи на Садудин, син на Али
Една воденица; годишна кирија: 850 гроша
Еден берберски дуќан; годишна кирија: 40 гроша
Еден грнчарски дуќан; годишна кирија: 200 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 46,5 гроша.
Вкупно предвиден годишен приход: 890 гроша.

Куќа 1, број 113
Имот и приходи на Мустафа, син на Абдулрахман
Еден дуќан за бакар; годишна кирија: 170 гроша
Еден дуќан за бакар; годишна кирија: 120 гроша
Два дуќани за тутун; годишна кирија: 40 гроша
Еден железарски дуќан; годишна кирија: 15 гроша
Еден дуќан за брашно; годишна кирија: 30 гроша
Еден дуќан за овошје; годишна кирија: 15 гроша
Еден дуќан за овошје; годишна кирија: 15 гроша

Еден дуќан за овошје; годишна кирија: 25 гроша
Една воденица; годишна кирија: 400 гроша
За минатата година платил посебен годишен данок од 41 грош.
Вкупно предвиден годишен приход: 840 гроша
приход од измеќарство: 250 гроша
1.090 гроша

Куќа 1, број 114
Имот и приходи на Муса, син на Телхи
Обработена нива од 100 дунуми:
предвиден год. приход за 1844 г.: 2.670 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: 2.660 гроша
5.330 гроша

Ливада од 2 дунуми:
предвиден годишен приход за 1844 година: 60 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: 55 гроша
115 гроша

Лозје од 2 дунуми:
предвиден год. приход за 1844 година: 100 гроша
предвиден годишен приход за 1845 година: 95 гроша
195 гроша

Една куќа; годишна кирија: 40 гроша
Молзни овци: 8 глави; предвиден годишен приход: 60 гроша
Молзни кози: 2 глави; предвиден годишен приход: 10 гроша
Овни: 5 глави; предвиден годишен приход: 10 гроша
Волови: 2 глави
Коњи: 1 глава
За минатата година платил посебен годишен данок од 230 гроша.
На име десеток и данок за мината година платил:
180 гроша за 18 киле пченица
45 гроша за 6 киле ‘рж
42 гроша за 6 киле јачмен
6 гроша за 60 оки сено
10 гроша за 100 оки грозје
283 гроша
